# ОДЛУКА

за усвојување на Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2022 година,
со писмено мислење на Надзорниот одбор

Скопје, мај 2023 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр.438/31.05.2022 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 30.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

за усвојување на Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2022 година

со писмено мислење на Надзорниот одбор

1. Се усвојуваат Ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2022 година на Стопанска банка АД – Скопје, подготвени согласно сметководствената регулатива во Република Северна Македонија, со писменото мислење на Надзорниот одбор.

2. Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2022 година и билансот на успех, извештај за промени во капиталот и извештајот за парични текови за годината што заврши и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се ревидирани од друштвото за ревизија *Grant Thornton*.

3. Ревидираните финансиски извештаи за 2022 година се составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2023 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач